**УЖ-2.бр.236/2021**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Анита Данилова - претседател на советот и судиите Дијана Димитрова и Емрије Зубери - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски- судски соработник, одлучувајќи по жалбата на заинтересираното лице Друштво за трговија на големо и мало и производство НЕНИ-КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, изјавена против Пресудата и Решението на Управниот суд У-5.бр.281/2021 и У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година, од областа на јавните набавки, на седницата на советот одржана на 08.07.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на заинтересираното лице Друштво за трговија на големо и мало и производство НЕНИ-КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Пресудата и Решението на Управниот суд У-5.бр. 281/2021 и У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година, СЕ УКИНУВААТ и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување пред првостепениот суд.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.281/2021 и У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година, тужбата на тужителот МЕГАСПОРТ Љубомир ДООЕЛ Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-242/6 од 11.03.2021 година, ја уважил, го поништил оспореното решение и одлучил на начин што жалбата на жалителот Друштво за трговија на големо и мало и производство НЕНИ-КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, изјавена против одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за дел 1 донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми на договорениот орган Министерство за внатрешни работи, ја одбил како неоснована. Со Решение У-5.бр.281/2021 и У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година, барањето на тужителот МЕГАСПОРТ Љубомир ДООЕЛ Скопје за донесување на времена мерка е уважено и одложено е од извршување Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-242/6 од 11.03.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор по тужбата против истото решение, заведена под У-5.бр.283/2021.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави заинтересираното лице Друштво за трговија на големо и мало и производство НЕНИ-КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, поради сторени суштествени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право

со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување.

Одговор на жалбата поднел тужителот со предлог жалбата да се одбие како неоснована.

Одговор на жалба е поднесен и од страна на тужениот орган Државната комисија за жалби по јавни набавки со предлог жалбата на заинтересираното лице да се уважи.

Вишиот управен суд, по проучувањето на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалбата и одговорите на жалба, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 79 од Законот за управните спорови, најде:

Жалбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган Министерство за внатрешни работи, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.18.1-68611/1 од 03.09.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки на 03.09.2020 година и во Службен весник на Република Северна Македонија, како делива на 4 дела, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават документ за регистрирана дејност, Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитетно извршување на договорот (5.00%). До крајниот рок за поднесување на понудите 30.10.2020 година, пристигнале вкупно 9 (девет) понуди, за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.18.1-85893/1 од 30.10.2020 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, изготвила Извештај од спроведената постапка бр.18.1-900017 од 16.11.2020 година и дала предлог за избор како најповолна понуда за Дел 1 да биде избрана понудата на економскиот оператор МЕГА СПОРТ Љубомир ДООЕЛ Скопје, а за Дел 2, 3 и 4 постапката да биде поништена согласно член 114 став 1 алинеја 2 од Законот за јавните набавки. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка бр.18.1-91118/1 од 19.11.2020 година.

Против наведената одлука жалба изјавило сега заинтересираното лице НЕНИ – КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, по која тужениот орган донел решение бр.08-1105/7 од 23.12.2020 година со кое жалбата ја уважил, обжалената одлука ја поништил и предметот го вратил на повторно постапување на договорниот орган со напатсвија кои треба да ги има во предвид при постапувањето. По спроведената постапка била донесена

Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на делови на постапка бр.18.1-105941/1 од 31.12.2020 година, која одлука повторно била обжалена од заинтересираното лице и по која жалба било донесено решение бр.08-64/6 од 03.02.2021 година со кое жалбата била делумно уважена и одлуката за избор бр.18.1-105941/1 од 31.12.2020 година повторно била поништена и предметот вратен на договорниот орган на постапување.

Во повторна постапка била извршена повторна евалуација на понудите и донесена Одлука за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година. По жалбата на заинтересираното лице тужениот орган во повторна постапка го донел сега оспореното решение бр.08-242/6 од 11.03.2021 година, со кое жалбата на заинтересираното лице е усвоена, Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за Дел 1, согласно решение по жалба бр.08-68-20-2021 и бр.08-64-6-2021 донесено од ДКЖЈН, донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки - Високи специјални чизми на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, е поништена и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување. Во ова постапка по жалба, тужениот орган нашол дека договорниот орган при повторното постапување и евалуација на понудите, не постапил во целост согласно напатствијата дадени во Решенијата на Државната комисија за јавни набавки бр.08-64/6 и бр.08-68/20 од 03.02.2021 година, со што сторил повреда на членот 160 став 5 од Законот за јавните набавки.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.281/2021 и У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година, тужбата на тужителот МЕГАСПОРТ Љубомир ДООЕЛ Скопје, изјавена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-242/6 од 11.03.2021 година, ја уважил, го поништил оспореното решение и одлучил на начин што Жалбата на НЕНИ – КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, изјавена против одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за дел 1 донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми на договорениот орган Министерство за внатрешни работи се одбива како неоснована. Со Решение У-5.бр.281/2021 и У-5.бр.283/2021 од 31.03.2021 година, Барањето на МЕГАСПОРТ Љубомир ДООЕЛ Скопје за донесување на времена мерка е уважено и се одложува од извршување Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-242/6 од 11.03.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор по тужбата против истото решение, заведена под У-5.бр.283/2021.

Вишиот управен суд најде дека пресудата и решението на Управниот суд се неправилни и незаконити.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови(„Службен весник на Република Македонија“ број 96/2019), 1) судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.2) На причините за ништовност на управниот акт, судот внимава по службена должност.3) Судот одлучува во спорот врз основа на слободна оценка на доказите. 4) Судот ќе ги земе предвид сите факти утврдени во управната постапка за донесување на оспорениот акт. 5) Судот може и самиот да утврдува факти за кои смета дека се неопходни за донесување на одлуката. 6) Странките може да изнесуваат нови факти и да предлагаат нови докази на расправа, само ако без своја вина не биле во можност да ги изнесат, односно предложат во тужбата и одговорот на тужбата или во дотогашниот тек на постапката. 7)Доколку странката без своја вина не е во можност да ги достави доказите, судот може да ги обезбеди истите. 8) Судот ќе изведува докази во согласност со правилата на доказната постапка во парничната постапка.

Согласно член 36 став 1 од истиот Закон, на барање на судот, секој јавен орган е должен, согласно закон да ги достави сите документи и податоци со кои располага, а кои се од интерес за решавање на конкретниот предмет, во рокот определен од судот.

Согласно член 70 став 2 од Законот за управните спорови, суштествена повреда на одредбите на постапката постои кога Управниот суд во текот на постапката не применил или неправилно применил некоја одредба од овој закон или на друг закон што ја регулира постапката, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна пресуда.

Согласно член 80 став 2 од истиот Закон, второстепениот суд со решение ќе ја укине првостепената пресуда, ако утврди дека постои суштествена повреда на постапката која не може да ја отстрани на расправа и ќе го врати предметот на Управниот суд.

Согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 96/19), за прашањата во постапката за кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 343 став 2 точка 14 од Законот за парничната постапка, одлуката има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако изреката на одлуката е неразбирлива, ако противречи сама на себеси или на причините за одлуката, или ако одлуката воопшто нема причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се нејасни или противречни, или ако за решителните факти постои противречност меѓу она што е во причините на одлуката се наведува за содржината на исправите или записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот.

Во конкретниот случај првостепениот суд, во став III одлучувал по жалбата на жалителот НЕНИ – КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје, изјавена против

Одлуката за избор на најповолна понуда и поништување на делови од постапка по извршена повторна евалуација на понудите бр.18.1-11528/1 од 09.02.2021 година за дел 1 донесена по Оглас за јавна набавка со отворена постапка бр.12605/2020 за набавка на стоки-Високи специјални чизми на договорениот орган Министерство за внатрешни работи. Притоа првостепениот суд на Записникот за изведување докази од 31.03.2021 година, воопшто не ја извел оваа одлука како доказ, а истата не постои ниту во списите по предметот, што е утврдено од овој суд со увид во целокупната документација преку ЕСЈН, со која управува/ оперира БЈН.

Ова ја прави одлуката нејасна, неразбирлива и противречна самата на себе и на причините наведени во истата, бидејќи во обжалената пресуда се образлага за истата, а се работи за правно релевантен доказ - одлука која останува на сила и треба да претставува извршен наслов во понатамошната постапка.

Оттука, Вишиот управен суд ги оцени како основани жалбените наводи на тужителот за сторени суштествени повреди на постапката при донесувањето на пресудата и решението за времена мерка. При повторното постапување првостепениот суд треба да ја отстрани наведената повреда, така што ја прибави и изведе како доказ наведената одлука, правилно да ја утврди фактичката состојба, по што ќе биде во можност правилно да го примени материјалното право.

При ваква фактичка и правна состојба на работите Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението, а согласно член 71 и 80 став 2 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 08.07.2021 година под УЖ-2.бр.236/2021.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Анита Данилова с.р.

/АМ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник